# Дневна хемеротека за *15.02.2016г.*

## OhridNews - *Невладиниот сектор со бројни забелешки за предвидените инфраструктурни проекти на Галичица*

OHRIDNEWS.com
информирај се

ВЕСТИ СПОРТ ЗАНИМЛИВОСТИ КУЛТУРА ИНТЕРВЈУ ОТВОРЕНА ЖИВОТ

ОГЛАСИ ХОТЕЛ „ТИНО - СВЕТИ СТЕФАН" ИМА ПОТРЕБА ОД СОБАРКА И ХИГИЕНИРАЧКА

### Невладиниот сектор со бројни забелешки за предвидените инфраструктурни проекти на Галичица

Вести | Охрид | 12.02.2016 17:00 Посети : 703

Граѓанската иницијатива „Охрид СОС" во соработка со Здружението за заштита на животни и животна средина „ЕДЕН" доставиле повеќе коментари со забелешки до Националниот парк Галичица, врз основа на јавната расправа по предлогот за измени во планот за управување со националниот парк, со кои се предвидува изградба на експресен пат, туристички развојни зони и ски центар во заштитените зони на паркот. Рокот за доставување забелешки, кој беше продолжен, измина вчера.

-Коментарите и забелешките главно се однесуваат на домашните и меѓународните закони и конвенции кои се прекршуваат со овие сосила наметнати и неприродни проекти, на апсурдните обиди да се изманипулира јавноста дека со спроведувањето на наметнатите проекти природата всушност нема да се уништи туку ќе се компензира и на огромните, за нас недопустливи, недостатоци и парадокси почнувајќи од конципирањето на проектите, па сѐ до формалните процеси и процедурите за нивно усвојување. - се наведува во соопштението.



Оттаму посочуваат дека недозволиво е политички центри да ја убедуваат јавноста дека предвидените проекти на Галичица се од јавен, односно општествен интерес.

-Јавноста е таа што одлучува што е од нејзин интерес, а овојпат граѓаните кажаа гласно НЕ за предложените проекти што значат безмилосен масакр на регион кој не само што е прогласен за УНЕСКО светско природно и културно наследство, туку е и УНЕСКО прекуграничен биосферен резерват. По којзнае кој пат нагласуваме дека таканаречените „корисни" проекти се закануваат неповратно да ја уништат причината поради која планината Галичица е воопшто прогласена за национален парк.Повеќе од очигледно е дека целата идеја за проектите се заснова на чисто финансиски интереси без никаков обзир кон природата. - стои во соопштението.

Во него уште се додава дека сегашните генерации имаат обвска кон своите потомци да го штитат природното богатство и да им го предадат зачувано на идните генерации.

OhridNews

## Сител - Велес ќе се ослободи од најголемиот загадувач - Црниот рид зад топилницата ќе се дислоцира



## МИА - Делчевската осмолетка „Ванчо Прке“ доби Зелена полиса

ПОНЕДЕЛНИК, 15 ФЕВРУАРИ 2016, 11:08:45

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

Енергетска МАТЕМАТИКА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Делчевската осмолетка „Ванчо Прке“ доби Зелена полиса

### Делчевската осмолетка „Ванчо Прке“ доби Зелена полиса

Препорачај 0

петок, 12 февруари 2016 09:04



**Делчево, 12 февруари 2016 (МИА)** - Делчевската осмолетка „Ванчо Прке“ доби Зелена полиса со што се запиша како прво училиште во Република Македонија што го доби овој документ.

Осмолетката претходно има добиено четири зелени знамиња и реализирано низа проекти поддржани од „Охо“, а континуираната работа на проектот „Интеграција на екологијата во македонскиот образовен систем“.

Ванчо Атанасовски, кординатор на прокетот од ОУ „Ванчо Прке“ истакна дека Зелената полиса е обврзувачки документ и во сите идни работи кои ќе се извршуваат во училиштето, екологијата треба да биде инкорпорирана.

- Сите 9 теми кои се обработени во таа полиса се во согласност со националните, европските и светските стандарди од обласат на екологијата. Врз основа на зелената полиса, училиштето изготви три проекти со кои ќе се штеди вода, енергија, но и ќе се намалат штетните гасови во природата , истакна Атанасовски.

Еден од проектите е замена на грејните котли кои сега користат нафта како енергенс, со печки на пелети.

- Со овој проект ќе се намалат штетните гасови во природата до 90 проценти, а во исто време ќе се штеди енергија за 40 проценти. Вториот проект се однесува на реконструкција на фасадата на училиштето, каде согласно со Програмата за енергетска ефикасност за училиштето ќе штедиме енергија до 40 проценти, рече Атанасовски.

Проектот за замена на светилките со лед светилки е иновативен, бидејќи овде училиштето планира да произведува и да продава енергија.

- Третиот проект е со студија за енергетска ефикасност и значи замена на светилките во училиштето со лед светилки со што ќе имаме заштеда на енергија за 80 проценти. Со проектот е предвидено изградба на фотоволтаична централа на кровот на училиштето, со што не само што ќе имаме заштеда на енергија, туку ќе имаме и производство на енергија која во летниот перод можеме да ја продаваме на други субјекти или на ЕВН, истакна Атанасовски.

Директорот Сашко Ивановски истакна дека реализацијата на овие проекти значат и подобри услови за работа.

- Овде мора да се потенцира дека средствата кои ќе ги заштедуваме ќе се пренаменуваат на други работи со кои ќе придонесеме за поквалитетна настава и воспитно-образовен процес во училиштето, рече Ивановски.

Со овие три проекти училиштето веќе аплцирало кај големи донатори, а во рамки на Зелената полиса, најавен е и конкурс за учениците кои ќе творат на темата „Моето училиште е зелено училиште". **дт/цр/09:02**

## Денешен - Загадувањето на воздухот убива по 5,5 милиони луѓе годишно

ДЕНЕШЕН
ВЕСНИК

# Загадувањето на воздухот убива по 5,5 милиони луѓе годишно

СВЕТ 15.02.2016 / 08:50 0

Ми се допаѓа Сподели 1 Испрати



ПОВРЗАНИ ВЕСТИ

**Најновите истражувачки студии, кои ги објави меѓународен тим на научници, покажуваат дека 5,5 милиони луѓе годишно умираат поради загадувањето на воздухот.**

Поголемиот број на такви смртни случаи се од земјите каде економијата се развива брзо, како што се Кина и  Индија.

Главниот виновник за тоа е емисија на штетни честички од електраните и фабриките, издувните гасови од возилата и од палењето на јаглен и дрва.

СПОНЗОРИРАН ЛИНК
КРИК – ЦЕНТАР ЗА СПЕЦИЈАЛНА ЕДУКАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
Сензорна интеграција за деца со пречки во развојот и аутизам

– Во Пекинг или Њу Делхи во еден ден на големо загадување, може бројот на ситните честички, познати како ПМ2,5, може да биде поголем и од 300 микрограми на кубен метар. Дозволена загаденост е околу 25 или 30 микрограми на кубен метар, објасни еден од научниците од истражувачкиот тим, Ден Гринбаум, од институтот „Health Effects" од Бостон.

Вдишувањето на честичките може да го зголеми ризикот од срцеви заболувања, мозочни удари, респираторни проблеми, па дури и карцином.

Додека развиените земји направија големи чекори за решавањето на овој проблем во изминатите неколку децении, бројот на граѓани кои умираат од загадувањето на воздухот во земјите во развој е се поголем.

Според направената студија, загадувањето на воздухот предизвикува повеќе смртни случаи од другите ризични фактори како што се неухранетост, дебелина, алкохол, дрога или сексуални односи без заштита.

Затоа, загадувањето на воздухот се става на четврто место на најголеми ризици, веднаш зад висок крвен притисок, диететски ризик и пушење.